ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 62

Скопје, 23.08.2018 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Вон. проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 4**

**РЕФЕРАТ**

за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на економијата на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје – Анета Крстевска

**Стр. 8**

**РЕФЕРАТ**

за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања по група предмети од областа на англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје – Јованка Јованчевска

**Стр. 11**

**РЕФЕРАТ**

за избор на наставник во сите наставно-научни звања, по група предмети од областа на организациони науки и управување (менаџмент) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје – Снежана Христова

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈАТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-607/3 од 22.05.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултет за економија и организациони науки, одржана на 22.05.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за област финании на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен“ на 20.04.2018 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот:

1. *Вонреден професор д-р Анета Крстевска*

Врз основа на преглед и оценка на приложената документација од кандидатот, на Наставно - научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки му го поднесеме следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Анета Крстевска е родена на 30.01.1974 година во Велес. Дипломирала на Економски факултет во Скопје на 9.10.1996 година, со просечен успех 9,73, на отсек Економија, насока Финансии и банкарство. Образованието го продолжила истата година на постдпломските студии по Монетарна економија на Економски факултет во Скопје, при што остварила просечен успех од студиите од 9,67 и магистрирала на 12.2.2001 година со трудот „Трансмисиониот механизам на монетарната политика и ефикасноста на банкарскиот систем – со посебен осврт на Република Македонија“. Докторирала на 15.3.2007 година на Економски факултет во Скопје, со докторскиот труд „Улогата на монетарната политика во регулирањето на глобалната ликвидност во економијата – со посебен осврт на Република Македонија после монетарното осамостојување“. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

Д-р Анета Крстевска од 1998 година работи во Народна банка на Република Македонија, каде од 2010 година е Главен економист, а претходно била Директор на Дирекцијата за истражување

Д-р Крстевска била член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити во периодот 2001-2002 година. Учествувала во работни тимови за координација на макроекономските политики и преговори на РМ со ММФ, во повеќе комитети во рамки на НБРМ, во тимот за изработка на првиот економетриски макроекономски модел за Република Македонија - учество во Подкомитет за економски и финансиски прашања на Република Македонија со Европската Комисија и др..

Учествувала на повеќе семинари за: макроекономија, монетарна политика, девизни курсеви, банкарство и финансиски пазари кои биле во организација на ММФ, централни банки на развиените земји, развојни институти на развиените земји, а присуствувала и на бројни конференции во организација на EBRD, BIS, Централни банки...

Вонр. проф Крстевска учествувала со презентации на меѓународни конференции во организација на ЕЦБ, Австриската централна банка, BIS и централните банки од регионот, учествувала како презентер на симпозиум во организација на Економски факултет-Скопје и како презентер и модератор на повеќе работилници во организација на НБРМ.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Анета Крстевска во 2007 година беше избрана за доцент по група предмети од областа на финансии на Факултет за економија и организациони науки (ФДЕИОН) при Универзитетот Американ колеџ Скопје (УАКС). Во декември 2012 година беше избрана за вонреден професор на истоимениот факултет, за група предмети од областа на финансии. Нејзината наставна активност на ФДЕИОН продолжува и понатаму со тоа што таа држи настава по предмети на прв и втор циклус студии на Универзитетот. Д-р Крстевска предавала на следните предмети на додипломски студии: "Banking" на англиски јазик, "Банкарство" на македонски јазик, "Financial Statements Analysis" на англиски јазик. На постдипломските студии на УАКС, на насоката Финансии, таа предавала на следните предмети: "Assets and Liabilities Management" на англиски јазик, "Bank Risks Management and Stress Testing" на англиски јазик и "Управување со активата и пасивата" на македонски јазик. Била ментор на повеќе магистерски трудови, член на комисии за одбрана на магистерски трудови, а вклучена е како ментор и на докторските студии на УАКС. Повеќе пати била ангажирана како оценувач на трудови во меѓународни списанија.

Д-р Анета Крстевска во својата научна истражувачка кариера има напишано и објавено повеќе трудови од областа на макроекономија, монетарната економија, финансиските пазари и банкарството. Има објавено две книги и тоа:

1) Трансмисиониот механизам на монетарната политика и ефикасноста на банкарскиот систем – со посебен осврт на Република Македонија, НБРМ, 2002;
2) Funding and stimulating growth in Central and South Eastern Europe: impacts from the crisis and challenges ahead - book, Scholl Press, Lambert Publishing, December 2013.

Таа има објавено околу 30 научни трудови од кои 10 во списанија и публикации од меѓународен карактер. Од нив, 6 трудови се објавени во списанија со импакт фактор рангирани на Scopus, а еден труд е објавен во списание рангирано на Web of Science. Во последните пет години ги има објавено следните трудови од меѓународен карактер:

- Krstevska A. (2015), The monetary policy objectives during the crisis: an overview of selected Southeastern European countries, Journal of Central Banking Theory and Practice, Vol. 4 No.1, January 2015 (impact factor: 0,43, Scopus);
- Jovanovik B., Krstevska A., Popovska Kamanar N. (2015), Can Monetary Policy Affect Economic Activity under Surplus Liquidity? Some Evidence from Macedonia, co-author, NBRM Working Papers, October, 2015;
- Krstevska, A., (2015), Financial intermediation during the crisis: what has changed during the crisis?, Proceedings of the Conference, Bank of Albania and SEESOX at Oxford, October 2015, Tirana;
- Petrovska M., Krstevska A., Naumovski N., (2016), Forecasting Macedonian business cycle turning points using Qual VAR model, co-author, Journal of Central Banking Theory and Practice, Vol. 5 No.3, September 2016 (impact factor: 0,43, Scopus);
- Krstevska A. (2016), Economic and financial integration to the EU of the candidate countries, EMU Forum, November 2016, Austrian Central Bank, Proceedings;

- Krstevska A., Nenovski T., Pogacnik Kostovska K., (2017), Testing Modigliani and Miller (MM) theory in practice: Evidence from the Macedonian banking system, co-author, Eastern European Economics, Volume 55, Issue 3, 2017 (impact factor: 0,404, Web of Science);
- Krstevska A. (2018), Real convergence of Western Balkan countries to European Union in view of the macroeconomic policy mix, Journal of Central Banking Theory and Practice, Vol. 7, No.2, May 2018 (impact factor: 0,43, Scopus).

Во изминатиов петгодишен период д-р Крстевска учествувала во проектот од меѓународен карактер: "Financial Sector Outlook: Financial Systems in the Western Balkans – Present and Future" –World Bank Group, Finance and Markets, June 2016.

На анонимно спроведените анкети на студентите на ФДЕИОН, на првиот циклус студии по предметните програми кои ги предава д-р Крстевска, таа е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки. За академската година 2017/2018, оценката на д-р Крстевска за предметот „Banking„ е 90% од вкупно 100%.

Д-р Анета Крстевска од 1998 година работи во Народна банка на Република Македонија, каде од 2010 година е Главен економист, а претходно била Директор на Дирекцијата за истражување. Како претставник на оваа институција, била неизвршен член на Управниот одбор на Фондот на осигурување на депозити на Република Македонија. Има посетено повеќе семинари и курсеви, вклучително семинари во ММФ, Студентскиот центар во Герцензе - Швајцарија, Јапонскиот центар за меѓународни финансии, Здружениот институт во Виена и на централни банки од разни земји. Има учествувано на бројни меѓународни конференции каде има презентирано свои трудови. Има учествувано во организација на повеќе на научни конференции на НБРМ. Ова се повторува и предлагам да се избрише. А, првата реченица треба да се смести погоре во делот каде се зборува за нејзиниот ангажман во НБРМ

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализа и оценка на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анета Крстевска. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на нејзината професионална кариера, како и нејзините вкупни научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор до денот на пријавата.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека вон. проф. д-р Анета Крстевска искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Анета Крстевска поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на УАКС, таа ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во областа финансии.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултет за економија и организациони науки и на Универзитетскиот Сенат

на Универзитет Американ Колеџ Скопје, д-р Анета Крстевска, да биде избрана во звањето *редовен професор* во научната област финансии.

Скопје, 23.08.2018 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Томе Неновски, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Никица Мојсоска-Блажевски, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ (ЛЕКТОРСКИ) ЗВАЊА, ЗА ОБЛАСТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 17-608/3 од 22.05.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици, одржана на 22.5.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања за област англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Независен весник, на ден 20.04.2018, и во предвидениот рок се пријавија:

*М-р Јованка Јованчевска (виш лектор)*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за странски јазици да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Јованка Јованчевска-Миленкоска е родена на 17.05.1983 година во Скопје и основно образование и гимназија завршува во Скопје. За време на своето школување, таа има постигнато високи резултати. По завршување на средното образование –природно-математичка насока, во 2001 година кандидатката се запишува на катедрата по англиски јазик и književност, наставна насока, со германски јазик како втор јазик (Б) на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Таа дипломирала во 2006 година стекнувајќи се со стручен назив – дипломиран професор по англиски јазик и книжевност со германски јазик и книжевност – наставна насока.

Веднаш по завршувањето на студиите, во учебната 2005/2006 год. се запишува на постдипломските студии по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Испитите од постдипломските студии Јованчевска ги има положено со висок просек од 9.6, а како дел од постдипломските студии има изработено две семинарски работи: „Gender Markedness“ под менторство на проф. д-р Екатерина Бабамова и „Lexical Means for Expressing Time“ под менторство на проф. д-р Љупчо Стефановски. На 22.11.2011 год., кандидатката го брани својот магистерски труд на тема „Временски прилошки определби во англиски и македонски – контрастивна анализа“, под менторство на проф. д-р Марија Јанева-Михајловска, во којшто се врши истражување на временските прилошки определби во двата јазика, заедно со нивните морфолошки и синтаксни/позициони карактеристики. Ова истражување се врши на корпус дела од македонски автори преведени од македонски на англиски јазик од страна на англиски родени говорители за реално да се увидат позиционите карактеристики на англиските прилошки определби во однос на македонските. По одбраната, таа се стекнува со степенот магистер по филолошки науки.

Во 2016 година кандидатката се запиша на докторски студии на Докторската школа за менаџмент при Економски Институт Скопје, УКИМ, и моментално е во тек изработката на пријавата за докторска теза со работен наслов „Професионален развој на наставниците по англиски јазик во државните основни и средни училишта во Р. Македонија“.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во 2006 година почнува да работи на Американ Колеџ Скопје, а во 2007 година кандидатката е избрана како лектор по англиски јазик по предмети од областа на англиска граматика на Факултетот за странски јазици на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, по што следат реизбор во звање лектор во 2010 година, како и избор во звањето виш лектор во 2014 година.

Евалуацијата на нејзината наставно-стручна дејност и ангажман на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, врз основа на спроведената студентска евалуација изнесува 94% (од вкупно 100,00).

На анонимно спроведените анкети на студентите на ФСЈ, на првиот циклус студии по предметните програми, кандидатот е континуирано позитивно оценуван со високи просечни оценки. За академската година 2017/2018 оценките на кандидатката за предметот„English Language 1„ изнесува 93%, од вкупно 100%, за предметот „Деловна комуникација„ изнесува 96% од вкупно 100%, за предметот „Modern English Grammar 1:Morphology изнесува 99% од вкупно 100%, за предметот „Modern English language 4„ изнесува 82% од вкупно 100% и за предметот „MEL 3„ изнесува 100%..

Од почетокот до денес ги има предавано предметите: Граматика на современ англиски јазик 1 – морфологија, Граматика на современ англиски јазик 2 – фонетика, Граматика на современ англиски јазик 4 - синтакса, Модерен англиски јазик 3, 4, 5 и 6 на Факултетот за странски јазици, Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2, Деловна комуникација, Англиски за правници, Образовен менаџмент, Англиски за економисти, итн. на останатите единици во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, а речиси секоја година учествува во држењето на подготвителната настава по англиски јазик.

Во рамките на својата работа, Јованчевска учествува во составување на две читанки за потребите на наставата на Универзитетот, по предметите Граматика на англиски јазик 2 – Фонетика и Вовед во лингвистика, а има издадено повеќе статии во меѓународни публикации, од кои позначајни во последните 5 години се:

- Ljupcho Jovanov, Toni Vasich and Jovanka Jovanchevska. Significance of Adolphe Appia in Contemporary Theatrical Space in EU and Macedonia, презентирана на 9-та Интернационална академска конференција на европската интеграција, 2015 год.
- Ivana Trajanoska, Jovanka Jovanchevska-Milenkoska. „Developing Language Skills through Case Studies“. ELTAM Journal. 2016.

Паралелно со издавањето научни трудови, кандидатката е активна во научната фела со најзините лекторски и уреднички активности како дел од повеќе зборници и стручни списанија.

Кандидатката е јазичен уредник на зборникот Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year 17, No. 1-2-2015, 2015.

Се јавува како преведувач во месечното стручно списание „Правник“ и часописот за теорија и практика на правото „Деловно право“ во издание на Здружението на правници на Република Македонија во 2018 година.

Главен и одговорен уредник е на стручните зборници од конференциите на Здружението на професори по англиски јазик и книжевност на РМ – ЕЛТАМ, каде што исто така е член во управниот одбор и дел од организацискиот одбор на нивните стручни меѓународни конференции.

Кандидатката учествува на повеќе стручни и научни конференции во земјата и во странство. Меѓу другите, учествува во 2015 и во 2016 на стручната конференција на

здружението на IATEFL од Словенија на нивните годишни конференции, на здружението на професори по англиски јазик и книжевност од Србија во Белград.

Во 2015 год., како дел од мрежата CEEPUS кандидатката остварува студиски престој од една седмица на универзитетот Адам Мискиевич во Познан и држи предавање во рамките на предметот „Методика во наставата“ на студентите на последипломски студии.

***Општествена дејност***

Кандидатката е член на управниот одбор и национален координатор за натпреварите по англиски јазик за државните и приватни средни училишта во Република (акредитирани од Бирото за развој на образованието на Р. Македонија) при Асоцијацијата на професори по англиски јазик и книжевност на Р. Македонија и активно ги организира натпреварите за учениците веќе неколку години.

Инволвирана е во активностите на фелата со учество на работилници, семинари и дискусиони групи, натпревари по читање и дебатирање, итн.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на м-р Јованка Јованчевска-Миленкоска и одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ колеџ Скопје, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно-стручна работа има континуитет и го потврдува нејзиниот систематски пристап кон проблемите од нејзината научно-стручна и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Јованка Јованчевска-Миленкоска ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во звањето *виш лектор* по група предмети во областа на англискиот јазик.

Скопје, 23.08.2018 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Вон. проф. д-р Марјана Ванева, с.р.
Факултет за странски јазици, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Доц. д-р Ивана Трајаноска-Стефановиќ, с.р.
Факултет за странски јазици, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Доц. д-р Лидија Давидовска, с.р.
Меѓународен Балкански Универзитет

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр.14-607/4 од 22.05.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 22.05.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за област организациони науки и управување (менаџмент) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот„Независен", на ден 20.04.2018 година, и во предвидениот рок се пријавија:

1. *Доц.д-р Снежана Христова*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно – научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Снежана Христова е родена на 1.12.1977 година во Гостивар. По националност е Македонка. На Економскиот факултет во Скопје се запишала во 1997 година, каде што дипломирала во 2001 година и се стекнала со стручен назив-***дипломиран економист*** (насока финансии и банкарство, просек *8.7*). Во 2003 година се запишала на постдипломски студии на Факултетот за менаџмент при Радбоуд Универзитет (Нијмеген – Холандија), кои ги завршила во 2005 година, со што се стекнува со титулата *магистер по меѓународен менаџмент*. Кандидатот има приложено и *Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство.*
Од 2009 година кандидатот *е докторанд на економски науки на Економскиот Факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј,* каде што во јуни 2013 година го брани својот докторат на тема: „Локалната самоуправа и стратегиите за Локален Економски Развој во Република Македонија", со што се стекнала со научниот степен *доктор на економски науки*.

На 16.10.2013 година кандидатот е избран во звањето доцент на Факултетот за деловна економија и организациони науки при УАКС, во областа менаџмент и организациони науки.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во рамките на наставно-образовната дејност на УАКС, на Факултетот за деловна економија и организациони науки (ФДЕИОН), кандидатот д-р Снежана Христова изведува настава на прв, втор и трет циклус студии. За одредени предмети има подготвено пакет материјали. На прв циклус, кандидатот ја изведува наставата по предметите Основи на менаџмент, Бизнис стратегија и политика, Деловно планирање,

Практични примери од финасии како и Основи на сметководство, додека на втор циклус за предметот Меѓународен менаџмент. На студиите од трет циклус, д-р Снежана Христова изведува настава за предметот Бизнис стратегија и иновации за конкурентска предност. Исто така, кандидатот има искуство со изведување на Визитинг предавања на неколку универзитети во странство, односно, Универзитетот за економија, Братислава, Словачка, Факултетот за менаџмент во Опатија, Хрватска, Високата Школа за менаџмент, Прага, Чешка и Универзитетот за економија во Краков, Полска.

Кандидатот била член во голем број комисии за одбрана и оценка на магистерски трудови и била ментор на повеќе магистерски теми на ФДЕИОН од обласата на менаџмент и организациони науки.

По изборот во наставно-научно звање доцент, кандидатот има објавено повеќе научни трудови од економската област, од кои дел се објавени во зборници на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор. Следниве трудови се издвојуваат како позначајни.

- Hristova, S., Egger, E. (2018) Strategic thinking and management for a competitive advantage: Theoretical perspectives on family businesses, Journal of Economic Development, year 20 No.1-2/2018, p.257-270.
- Kostovski, N., Hristova, S.(2018) Knowledge management for better social entrepreneurship: Empirical perspectives and lessons learned from Republic of Macedonia, Annual of ISPRJ, year XLII, no. 1, p.51-63.
- S. Hristova, A., Egger, E. (2018) Strategy and family businesses, Second International Conference on Economics and Management, 15-16 March, Ljubljana, Slovenia.
- S. Hristova, A., Bojadziev, M., Burevski, V.(2017) Occupational stress and employees: An individual perspective, Annual of ISPRJ, year XLI, no.1.
- Hristova, S., Kostovski, N (2016) Diversity and workplace discrimination in Macedonian companies, Annual of ISPRJ, year XL, no. 2, p.71-78
- Hristova, S, Kostovski, N (2016) Promoting small business and entrepreneurship in Macedonia: Policies, perceptions and expectations at municipal level, Horizons International Scientific Journal, no.19, p.57-67.
- Hristova, S, Kostovski, N(2016) Globalization and small businesses and economies-challenges and opportunities, Annals of the Constantin Brancusi, University of Targu Jiu, issue no.4/2016, p.53-61
- Hristova, S., Tast,J.(2015) Motives and determinants of FDI in the Republic of Macedonia: Managerial implications, Theoretical and Practical Research in Economic Fields (TPREF),Volume VI, Issue 2(12), Winter, 2015, p.116-127
- Hristova,S.,Tast,J.(2015), The emergence and significance of local economic development., Journal of the Institute of Economics, Year 17, No.3/ 2015, p.380-397
- Hristova,S.(2015) Local government planning in Macedonia, ERAZ 2015, Novi Sad, Serbia, p.67-77
- Hristova, S., Apostolova, B.(2013) Human capital development in Macedonia: The role and efficient usage of IPA funds, Economic Development, Journal of the Institute of Economics, year 15, No3/2013 ,p. 147-166
- Hristova S., Petrovska I., and Dimitrova M.(2013) Internationalization in higher Education: Trends and opportunities, Annals of Eftimie Murgu University Resita Fascicle II, Economic Studies Vol.2013. p.90-101
- Hristova, S and Klisarovska, E.(2013) Strengthening Entrepreneurship and Local Economic Development (LED), Innovation Journal of Ruse University, Faculty of Business and Management, Bulgaria, issue 4, Year IV, November 2012, p.20-30

Д-р Снежана Христова била вклучена како надворешен соработник за подготовка и имплементација во неколку меѓународни проекти од Еразмус+ во периодот од 2015-2017 година и активно учествувала на домашни и странски научни и стручни собири организирани како во Република Македонија, така и во странство (Србија, Бугарија, Турција, Словенија и др.).
Д-р Снежана Христова покажува активност во дејностите од поширок интерес. Во периодот од 2013-2018 била академски координатор на Туторинг клубот при УАКС, од 2017 е назначена за координатор на Докторската Школа за бизнис, како и за шеф на катедра, а од 2018 година за Декан на ФДЕИОН. Исто така, активно е вклучена во работата на неколку комисии на УАКС.

На анонимно спроведените анкети на студентите на ФДЕИОН, на првиот циклус студии по предметните програми, Д-р Снежана Христова е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки. За академската година 2017/2018 оценките на д-р Христова за предметот „Деловно планирање„ изнесува 84% од вкупно 100%, за предметот „Principles of Accounting„ изнесува 98% од вкупно 100%, за предметот „Business Planning„ изнесува 97% од вкупно 100% и за предметот „Практични примери во финансии„ изнесува 100%.

***Општествена дејност***

Д-р Снежана Христова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на повеќе полиња од областа менаџмент и стратегија, како на ФДЕИОН при УАКС, така и пошироко во Република Македонија и во странство.
Исто така, д-р Снежана Христова остварила активности во странство како рецензент на трудови во меѓународни научни публикации и била дел од организациониот одбор на годишната конференција на УАКС.
Кандидатот постојано учествувала во промотивни активности на ФДЕИОН во Скопје и Републиката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Снежана Христова. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека доц. д-р Снежана Христова искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Снежана Христова поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во областа организациони науки и управување (менаџмент).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на

Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки и Универзитетскиот Сенат на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, д-р Снежана Христова, да биде избрана во звањето *вонреден професор* во научната област организациони науки и управување (менаџмент).

Скопје, 23.08.2018 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Вон. проф. д-р Ана Томовска-Мисоска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Вон. проф.д-р Илијана Петровска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN
## OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

ISSN 1857-5323